РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УПП Број: / Numer: 03-24
03.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

Предмет: Одговор на Претставка

Почитувана,

Во врска со Вашата Претставка (наш УПП бр. 03-24 од 03.10.2025 година), доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во која реагирате дека Радио Кочани има закажано дебата на 03.10.2025 година на која има повикано само двајца од шесте кандидати за градоначалници на Општина Кочани, Ве известуваме за следното:

- Агенцијата стапи во контакт со одговорното лице/управителот на Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО од Кочани, од кого побара објаснување за организацијата на дебатите;
- Радио Кочани ја извести Агенцијата, и телефонски и по електронска пошта, дека планира серија дебатни емисии, но поради просторните услови во студиото дебатите се организирани со по двајца кандидати (односно како соочувања).
- Агенцијата испрати допис до медиумот во кој го потсети на обврската од член 75 став 2 од Изборниот законик, за време на изборната кампања да им овозможи на сите учесници во кампањата подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување – вклучувајќи ги дебатите и радио соочувањата, како и на тоа дека, согласно член 75-а став 1 точка в), баланс во известувањето за изборите за градоначалници се постигнува со почитување на принципот на еднаквост за сите кандидати за градоначалници. Поради ова, му беше посочено дека треба да упати покани за учество до сите кандидати за градоначалници на Општина Кочани и дебатите да ги реализира до крајот на изборната кампања, како и дека доколку некој кандидат одбие да учествува – тоа треба да го посочи во програмата.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје